РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-514/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2524/1 од 19.09.2025 година, оформен по пријава со наводи против службено лице при Државен пазарен инспекторат - Одделение Струмица, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметниот случај, од причина што за истиот веќе постапувал друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2524/1 од 19.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, по електронска пошта, е поднесена пријава со наводи против службено лице при Државен пазарен инспекторат – Одделение -------, поради сомнение за неправилности во работењето. Се наведува дека по извршен контролен инспекциски надзор по предмет ИП1 ------ од --.--.2024, инспекторот не донел управен акт за отстранување на утврдени неправилности, ниту проследил тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, по што е оформен е предмет број 12-2524/1 од 19.09.2025 година.

Во пријавата се изнесени наводи дека --------, државен пазарен инспектор во Државниот пазарен инспекторат – Одделение --------, при вршење на вонреден инспекциски надзор во ПТД -------, Подружница -------, по доставен приговор од страна на --------, а во врска со недостапност на резервен дел на потрошувачка стока (полнач за лаптоп) кој бил купен со

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

важечки гарантен лист, констатирала прекршок согласно Законот за заштита на потрошувачите, за што субјектот на надзор постапил по инспекцискиот акт – Решение ИП1 ------- од 01.10.2024 година, составено од наведената инспекторка. Но, подносителот незадоволен од постапувањето на субјектот на надзор, односно дадената можност за замена/рефундирање на средствата во износ од 1990,00 денари, наведува дека по завршениот контролен инспекциски надзор инспекторот не донел управен акт за отстранување на утврдените неправилности.

Исто така, подносителот наведува дека до Државниот пазарен инспекторат – Одделение --------- поднел Тужба против истиот орган, со барање истата да биде проследена до Управниот суд на Република Северна Македонија, заради поништување на незаконито дејствие и недонесување на управен акт, согласно членовите 8, 9, 13, 16, 17 и 22 од Законот за управни спорови. До моментот на поднесувањето на пријавата подносителот не бил известен за преземени дејствија.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија, со цел вршење инспекциски надзор над работењето на ---------.
Од увидот во доставените податоци и информации, произлегува дека Инспекцискиот совет, на својата ---та седница одржана на --.--.2025 година, констатирал дека наводите од претставката не се основани, поради што постапката по оформениот предмет била затворена.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека во конкретниот случај нема елементи за натамошно постапување по наводите од пријавата, со оглед дека по истите веќе постапил друг надлежен орган. Согласно тоа, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut